РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-946/6
30.10.16
СКОПЈЕ

Врз основа на член 74 став 7 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016), Собранието на КИРМ на вонредна седница одржана на ден 30.10.2016 година во Струга, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за начинот на предавање на списи, книги, електронска евиденција и состојба на сметки од извршител чија должност престанала на именуваниот извршител, постапувањето по преземените предмети и правото на надомест на извршителот кој продолжува да постапува по предметите на извршителот чија должност престанала

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на примопредавање на списи, книги, електронска евиденција и состојба на сметки од извршител чија должност престанала на именуваниот извршител, постапувањето по преземените предмети согласно Законот за извршување, и правото на надомест на именуваниот односно определениот извршител од страна на министерот за правда (во понатамошниот текст „новоименуваниот извршител ") кој продолжува да постапува по предметите на извршителот чија должност престанала ( во понатамошниот текст „ Правилник" ).

### Член 2

По престанок на должноста извршител, заменикот на извршителот презема извршни дејствија по предметите се до денот на предавање на книгите, списите, електронската евиденција и состојба на сметките на извршителот чија должност престанала, на именуваниот односно определениот извршител, на повик на Претседателот на Комората на извршители на РМ.

### Член 3

Заменикот на извршителот чија должност престанала е должен записнички да ја предаде целокупната писмена и електронската евиденција како и состојбата на сметките на извршителот чија должност престанала, преку Претседателот на Комората на извршители или лице кое тој ќе го овласти, на новоименуваниот извршител.

Сите трошоци кои настанале во врска со работата на заменик извршителот по предметите по кои продолжил да постапува, до момент на примопредавање на новоименуваниот извршител, се наплаќаат од средствата кои му следуваат на извршителот чија должност престанала.

### Член 4

Записникот за предавање на евиденцијата на извршителот покрај оригиналните списи, книги и предмети чија должност престанала особено содржи број на предмет, состојба на сметките на извршителот и име и презиме/ назив и адреса/седиште на доверителот по чие барање постапувал извршителот.

Извршителот чија должност престанала односно неговиот заменик извршител, има обврска да ги предаде и доказите за авансни уплати по предмет од страна на доверителот на новоименуваниот извршител.

Трошоците за извршување за кои постои доказ дека се наплатени кај извршителот чија должност престанала му се признаваат на доверителот, а извршителот кој што продолжува со спроведување на извршувањето е должен да ги наплати од должникот и да ги пренесе на доверителот.

Член 5

Ако некој предмет или дел од него е изгубен, уништен или во значителна мера оштетен со што станува неупотреблив, се поведува постапка за обновување на списите.

Кога се во прашање предмети по кои постапката е во тек, постапката за нивно обновување се поведува по службена должност со заклучок што го донесува извршителот кој продолжува со работа по предметот.

Ако се работи за предмети по кои постапката е правосилно завршена, постапката за обновување се поведува само доколку постои оправдан интерес.

Постапката за обновување на предметот не се поведува ако е изминат рокот за кој според постојните прописи е предвидено чување на овие предмети.

Се обновуваат само списите кои се од битно значење за постапката.

Обновувањето се врши врз основа на преписи од изгубените, уништените или оштетените списи со кои странката, извршителот или судовите и другите органи располагаат, податоци од уписниците и помошните книги, електронски записи, носители на платен промет а по потреба и врз изјави од странките, сведоците, вештаците, застапниците и другите учесници кои учествувале во постапката.

Кога за одделни дејствија нема податоци, а изјавите на наведените лица не се идентични, дејствијата ќе се повторат доколку има услови за нивно повторување.

По завршената постапка за обновување, обновениот предмет или спис ја носи ознаката на предметот или списот по кој е вршено обновувањето.

Член 6

Новименуваниот извршител е должен да продолжи со преземање на извршни дејствија по активните предмети кои ги примил (неархивирани), освен во случај доколку доверителот не сака извршувањето на неговиот предмет да го продолжи новоименуваниот извршител и во рок од 30 дена го повлече барањето за извршување, односно ако се исполнети условите за негово изземање.

Доколку доверителот го повлече барањето за извршување за да го довери на друг извршител, поднесува барање за продолжување кај друг извршител согласно чл. 74 ст.3 од Законот за извршување. Извршителот кај кого се наоѓаат списите, предметите и парите од конкретниот предмет, заедно со електронскиот запис од предметот, ќе ги достави кај избраниот извршител .

Сите дејствија кои што ги преземал дотогаш извршителот имаат правна важност. Трошоците на доверителот за кои има доказ дека се наплатени му се признаваат на доверителот. Избраниот извршителот од доверителот ќе го продолжи извршувањето од стадиумот каде што се наоѓа.

Избраниот извршител кој доверителот го посочил во барањето за продолжување кај друг извршител, ќе го прими предметот и ќе го заведе во својата евиденција по редот како што го примил.

Обврските пропишани со овој Правилник важат избраниот извршител од страна на доверителот, кој го продолжува извршувањето по предмет на извршителот чија должност престанала .

Член 7

Доколку не се именува извршител од страна на министерот за правда списите, книгите, електронската евиденција и состојбата на сметките ги презема Комората и ги чува три месеци сметано од денот на објавата на престанокот на должноста извршител во „Службен весник на Република Македонија". По истекот на тој рок Комората ги распределува преземените предмети по азбучен ред на сите надлежни извршители од соодветното подрачје.

Обврските пропишани со овој Правилник важат и за надлежните извршители од став 1 од овој член, на кои им е распределен предмет од извршител чија должност престанала.

Член 8

Паричните средства кои во моментот на преземањето на евиденцијата, списите и книгите, од страна на новоименуваниот извршител се наоѓаат на посебната сметка на извршителот чија должност престанала, како и паричните средства кои во иднина ќе пристигнуваат на оваа сметка, а претставуваат прилив на парични средства од превземени извршни дејствија по извршни предмети на извршителот чија должност престанала, новоименуваниот извршител во целост ќе ги исплатува на трансакциската сметка на извршителот чија должност престанала, односно неговите наследници, откако истовремено ќе изврши исплата на износите за ддв, персонален данок односно даночни давачки и банкарските провизии за кои износи ќе го намали конкретниот износ на исплата.

Новоименуваниот извршител при исплата на средствата од посебната сметка е должен да постапува по законски утврдениот редослед на намирување, при што особено да внимава на околноста дали има уплатени аванси од доверителот, за кои има доказ во списи дека се уплатени, односно да внимава дали на извршителот чија должност престанала му следуваат парични средства за трошоци за кои нема доказ дека му се авансно платени од страна на доверителот.

Член 9

Кога на посебната сметка има прилив на парични средства по основ на реализирана наплатата по издадени налози за извршување од сметка на должник, налог за извршување врз побарување по сметка кај банка и налог за извршување за забрана на 1/3 од плата/пензија од ЗИ од страна на извршителот чија должност престанала, новоименуваниот извршител е должен во целост да ги исплати на трансакциската сметка на извршителот односно неговите наследници, средствата по сите основи откако ќе ги одбие износите на име на ддв, други даночни давачки и банкарските провизии за кои износи ќе го намали конкретниот износ на исплата.

Доколку некој предметот е започнат, но не е завршен од извршителот чија должност престанала, а новоименуваниот извршител го реализира предметот со истото средство и врз основа на налогот на извршител чија должност престанала, новоименуваниот изршител откако ќе ги одбие износите на име ддв, други даночни давачки и банкарски провизии за себе ќе наплати свои реални трошоци, свои извршни дејствија и 50 % од наградата утврдена во налогот од извршителот чија должност престанала, останатиот износ односно 100% цена за администрирање, 100% реални трошоци на извршителот чија должност престанала и 50% од наградата ќе ги префрли на трансакциската сметка на извршителот чија должност престанала односно неговите наследници.

Член 10

Доколку некој предмет е започнат а незавршен од страна на поранешниот извршител а новоименуваниот извршител го реализирал предметот со ново средство врз основа на налог на новоименуван извршител, новоименуваниот извршител откако ќе ги одбие износите на име ддв, други даночни давачки и банкарски провизии за себе ќе наплати свои реални трошоци, свои извршни дејствија и 50 % од наградата утврдена во налогот од извршителот чија должност престанала. Останатиот износ односно 100% цена за администрирање, 100% реални трошоци на извршителот чија должност престанала и 50% од наградата ќе ги префрли на трансакциската сметка на извршителот чија должност престанала односно неговите наследници.

Член 11

На барање на извршителот чија должност престанала односно неговите наследници, новоименуваниот извршител има обврска да му дозволи увид во посебната сметка во делот кој се однесува на приливи по основ на предмети кои ги превзел од извршителот чија должност престанала.

На новоименуваниот извршител му следува надомест на име цена на извршно дејствие - распределување на средства од извршување согласно предвиденото во Законот за извршување, а во висина определена според Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на веб страната на Комората а ќе се применува со ден на примена на Законот за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016 година).

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Зоран Петрески